**Претставници на институциите и на граѓанските организации од Северна Македонија, Косово и Албанија** зборуваа за поставеноста и структурата на телата за спречување насилен екстремизам (СНЕ) и рехабилитацијата, ресоцијализацијата и реинтеграцијата (РРР) кои функционираат на локално ниво во трите земји како и за предизвиците, добрите пракси и постигнатите резултати за време на Регионалниот форум што го организираше Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) на **28 февруари и 1 март во х. Холидеј ин во Скопје.**




„За разлика од институциите кои се ограничени во делувањето со административните граници на нивните држави, оние кои работат на радикализација на луѓето не ги познаваат тие граници. Затоа е **многу важна регионалната соработка** и затоа е важно и на овој начин меѓусебно да се координираме“, рече во своето поздравно обраќање **Златко Апостолоски, Националниот координатор**
за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБТ).

За поставеноста и структурата на телата за СНЕ и РРР на локално ниво зборуваа **Жаклина Просароска** од Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи, **Менсур Хоти**, директор на Одделението за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи во Косово и **Вилма Венковска Милчев** од [Центарот за заедничка основа](#) од Скопје. Покрај нив, за улогата на општините зборуваа и **Мехмет Балажи**, [градоначалник на Елез Хан](#) од Косово и **Лорена Чела** од општина Тирана.



Од воведните обраќања и дискусијата што потоа се водење беше видливо дека во секоја од земјите има **придвижување на активностите од централно кон локално ниво. Моделите се различни**, структурата на телата не е толку различна, односно, профилите на оние кои работат во тие структури се многу слични како и принципите на кои се заснова нивната работата. Структурите кои работат на локално ниво, но и самите општини, имаат потреба од **понатамошно јакнење на капацитетите, човечки, организациски и финансиски**, за да можат да преземат активности поврзани со рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на лицата во ризик. Потребно е **разјаснување на улогите на телата** кои работат на локално ниво во Македонија и дефинирање на **начинот на финансирање** на овие активности. Резултатите од презентираниот **механизам за упатување кој се испробува во моментов во Косово** можат да бидат корисни за Македонија и Албанија во градењето на целовити процедури кои ќе се однесуваат не само на повратниците и на нивните семејства, туку и на лицата во ризик.



За **улогата на граѓанските организации (ГО) во РРР на локално ниво и нивната поддршка на институциите**, особено во подготовката и обезбедувањето водичи, прирачници и други материјали за секојдневната теренска работа на практичарите зборуваа **Армела Џахо**, од Институтот за демократија и медијација од Тирана, **Афродита Муслиу** од Нексус- граѓански концепт од Скопје, **Фортеса Франгу** од Ресурсниот центар за застапување и обука од Приштина и **Синди Шаху** од Линијата за советување за жени и девојки од Тирана. Беше констатирано дека граѓанските организации придонесуваат да се пополнат одредени празнини, преку прирачниците и обуките. Она што во таа соработка е предизвик, се промените кои се случуваат, најчесто заради политички причини како што се промените на властите на локално или централно ниво и сл. Во трите земји има добра комуникација на граѓанските организации и институциите. Институциите ја препознаваат потребата од широк општествен одговор за прашањата на насилен екстремизам како и за прашањата за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција и ги препознаваат граѓанските организации како партнери во тој процес.


GCERF
Regional Forum
"Local Institutions and P/CVE and RRR: regional practices, established responsibilities and procedures"


GCERF
Global Community Engagement and Resilience Fund
MACEDONIAN CENTER FOR INTERNATIONAL COOPERATION
МЦМС
Regional Forum
"Local institutions and P/CVE and RRR: regional practices, established responsibilities and procedures"
МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА